Тања МИЛОШЕВСКА

УДК: 355.45
327.36

# НЕТРАДИЦИОНАЛНИ ГЛОБАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ

***Кратка содржина***

*Овој труд ги разгледува и обработува главните прашања во врска со нетрадиционалните глобални безбедносни закани по националната безбедност и регионалната стабилност. Ја одразува раширстранетата меѓународна грижа за влијанието на организираниот криминал, корупцијата, трговијата со дрога, тероризмот и трговијата со луѓе, на политичката, регионалната стабилност и економската виталност на државите.*

*Рапидното зголемување на глобалната меѓузависност носи нови закани и ранливости, како и нови избори и можности.*

*Одговорите на безбедносните закани во овој поглед треба да ги вклучат државните институции и цивилното општество. Промоцијата на безбедноста во овој глобализиран свет зависи од желбите и можностите на владите, граѓаните, корпорациите и општествата да придонесат во создавањето на безбедна, праведна и глобална заедница.*

*Безбедноста не е прашање само на надворешни закани за националниот суверенитет, безбедноста исто така подразбира општество која ефикасно функционира.*

*Барањата за глобален мир и безбедност се, исто така, барања на националната безбедност.*

***Клучни зборови:*** *ГЛОБАЛНИ ЗАКАНИ, ГЛОБАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, КОРУПЦИЈА, ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ТЕРОРИЗАМ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ.*

## ВОВЕД

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите. Иако опасноста од класична воена закана на подолг рок не е очекувана, невоените закани не само што добија на разновидност, туку и се зголемија по интезитет, простор и

време. (Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, 2003)

Безбедносната парадигма (предизвиците, проблемите, загрозувањето, процесите и институциите) во почетокот на 21 век во споредба со минатото се здоби со значително нови карактеристики.

Во таа рамка, темелно се изменија и значајните објективни фактори кои ја одредуваат безбедносната реалност во поедини држави и во меѓународната заедница во целост, како што на пример се геостратегиските, воено-политичките, стопанските, безбедносните, еколошките и други фактори.

Но, се изменија и осознавањето и сфаќањето на безбедноста во современото општество и тоа како комплексна појава за која не се карактеристични (како во минатото) само воено-политичките туку и пошироките социјални и културно-цивилизациски димензии.

Сите овие измени настануваат во рамките (и под влијание) на процесите на глобализација и интернационализација, што земјите и меѓународната заедница при обезбедување на безбедност ги става пред нови предизвици и проблеми. (А. Гризолд 2006).

Процесите на глобализација и интернационализација придонесуваат кон комплексноста на современото загрозување на безбедноста. Во таа рамка заканите по безбедноста се потешко можат да се делат на надворешни и внатрешни. Внатрешнодржавните проблеми бргу добиваат меѓународни димензии и обратно. (J. Baylis, 2001) Ова е последица на карактеристиката на нетрадиционалните безбедносни ризици и закани да се прелеваат и да ги преминуваат границите на државите како безбедносни објекти.

Ваквата изменета слика, честопати се опишува како ново безбедносно опкружување (security environment), во кое заканите, односно ризиците и несигурноста сè повеќе произлегуваат од не-воената сфера на безбедноста, отколку од традиционалната безбедносно-воена сфера. Новото безбедносно опкружување се опишува како многу подинамично и неизвесно, исполнето со опасности за кои традиционалните безбедносни системи не можат да понудат сеопфатен одговор. (Л. Георгиева 2006)

Суштински променетите состојби и тенденции во сферата на заштитата на поединците и општествата во современата меѓународна заедница, неминовно ја наметнуваат и потребата за редефинирање на безбедноста. Новиот концепт на безбедноста, односно новата дефиниција на безбедноста ќе мора да ги опфати сите нејзини значајни содржини, како подеднакво важни. Тоа ја вклучува и промената на содржината на безбедносната политика на современите држави

во смисла на ставањето на акцент на невоените средства (аспекти) и механизми во безбедносните дејности.

Класичните извори на загрозување во голема мерка се збогатени со нови и уште поопасни загрозувања-економски кризи (шокови), етнички судири, огромни миграции, меѓународен тероризам, меѓународен организиран криминал, глобалното загадување и уништување на околината.

Ако загрозувањата во современите односи попримаат „универзален карактер“, тогаш и безбедноста во новите цивилизациско-културни односи поприма универзална содржина. Во современите општества постои сè подлабока поврзаност и меѓузависност на економскиот, политичкиот, социјалниот, еколошкиот, воено-одбранбениот и на другите подрачја. Овие тенденции, исто така, се карактеристични и на релација на глобалното општество, т.е на глобализацијата како политичка иднина на светот. (М. Котовчевски, 2000)

Во новите меѓународни односи, традиционалното поимање на силата (моќта) низ воените ефективи, е заменето со „различните нови димензии на силата“ (технологија, комуникациите, информациите, како и трговијата и финансиите). (Z. Brzezinski, 1997)

Глобалните проблеми се појавуваат и ги надминуваат националните граници и ги совладуваат капацитетите на индивидуалните нации-држави а националните држави сé повеќе стануваат ранливи и предмет на надворешно продирање. (R. Mansbach, S. Ferguson, D. Lempert, 1976) Државите се подготвени за справување со безбедносните закани кои се излеваат од другите земји, но се помалку способни за развој на политика и инструменти за ефикасна употреба на нетрадиционалните прашања, кои не зависат од државата. Значајни проблеми може да се јават поради конфликтот помеѓу државни и недржавни „*без суверенитет*“ актери, како што се меѓународните терористичко-криминалните организации. (P. Williams, 1994)

Меѓународните конфликти не исчезнуваат кога надвладува меѓузависноста, туку напротив, конфликтите добиваат нова форма и се зголемуваат. Зголемената меѓузависност помеѓу нациите, особено леснотијата за меѓународните патувања и комуникации, дерегулацијата и приватизацијата на националните економии, создавање на *глобална* материјална култура преку масмедиумите кое води кон пораст на потрошувачката во цел свет за полуксузни производи, заедно со глобализацијата на меѓународните финансии, го олесни развивањето на она што е вистински единствен глобален пазар (или пак барем најблаго кажано серија на меѓусебно поврзани регионални пазари), и за дозволени и за недозволени добра. Истакнатиот пораст

во глобалната трговија (која е десетоструко зголемена во изминатите 20 години), направи да биде речиси неможна контролата на извозот и увозот, и така ги направи националните граници повеќе порозни со што недозволените добра, движењата и трансакциите станаа лесни за сокривање. (A.Jamieson, 1990)

### Безбедносните импликации на нетрадиционалните безбедносни закани

Процесот на глобализација, ги заостри и влоши голем број од старите проблеми на меѓународната безбедност и предизвика нови ризици и предизвици. Тие се тероризмот и сепаратизмот, националните, религиозните и другите форми на екстремизам, трговијата со дрога и организираниот криминал, регионалните конфликти, заканата од пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, финансиските и економските кризи, еколошките катастрофи и епидемии. Сите овие проблеми егзистираа претходно, но во ерата на глобализација кога светот стана повеќе поврзан и меѓузависен, тие забрзано стекнаа универзален карактер и постанаа реална закана за регионалната и меѓународната безбедност.

Сложените меѓународни односи и кризните жаришта во светот создаваат доволен простор за илегална трговија со оружје.

„После падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, земјите од Варшавскиот пакт останаа добро снабдени со оружје, од кое еден дел го пронајде својот пат преку илегалниот пазар за оружје. Конфликтите во Источен Тимор, Западна Африка, Централна, Јужна и Југозападна Азија и поранешна Југославија само ја зајакнаа трговијата со оружје. Порозните меѓународни граници и корумпираните или погрешно тренираните сили на законот, исто така, одиграа улога во овозможување на трговијата со оружје, како бенефиција на терористичките и организираните криминални групи.

Горенаведените трендови ги наведоа групите како Ал Каеда и Хезболах да развијат сопствени криминални способности. Но колумбискиот ФАРЦ, можеби обезбедува најдобар оперативен пример за поврзаноста на меѓународниот организиран криминал и тероризмот. Инволвираноста на ФАРЦ во трговијата со дрога еволуираше од стратегија на едноставно даночење до директна контрола и дистрибуција. Трговијата со дрога на ФАРЦ обезбеди софистицирано оружје, комуникациска технологија и помогна за воспоставување на контрола на 40% од колумбиската територија“. (Sanderson M. Thomas, 2004)

Недозволените лекови и дроги станаа еден вистински глобален продукт со огромно значење, (трговската вредност изнесува 300-500 милијарди долари годишно). (A.Jamieson, 1990)

Канцеларијата на Обединетите нации за контрола на дрога и превенција на криминалот (УНОДЦЦП) известува дека последните две декади сме сведоци на „глобално ширење на трговијата со дрога", претставена како „вистински глобален феномен". (Светски извештај за дрога, 2000)

Покрај ефектите на наркотиците врз *внатрешната* безбедност и стабилност на земјите-ресурси, тие исто така предизвикуваат сериозни проблеми и за нивните *надворешни* односи. Поврзаноста со наркотици може сериозно да го оцрни имиџот на земјата-ресурс во меѓународната сцена. (A.P.Lupsha, 1989)

Најсериозен политички проблем кој го создадоа наркотиците за земјите производители и транзитните земји е нашироко инфилтрирање и корупција на јавните институции од сите нивоа. Наркотрговците имаат достапни извори во неколку национални влади. Поради тоа тие може често да користат пари наместо насилство, купувајќи согласно на нивните желби, служејќи се со закани таму каде митото не помага. Корупцијата неутрализира и деградира многу општествени и политички институции, со што ја ограничува ефикасноста на владините анти-нарко активности и самиот интензитет и обемот на државните активности и дејства.

Корупцијата како старо-нов феномен продуцира огромни негативни последици-таа го прави поуспешен криминалот (го зајакнува и забрзува), ги отежнува легалните вложувања, го забавува севкупниот економски развој, немилосрдно ги црпе државните пари, и што е најлошо, корупцијата е најголем непријател на демократијата и на вкупните демократски процеси, посебно кај земјите во развој. Митото и корупцијата во големи размери претставуваат смрт за новите демократии и најголема кочница за нивниот побрз економски развој. (М. Котовчевски, 2000)

Глобалните проценки во врска со корупцијата се интензивираа во последните години. Има зголемена евиденција дека корупцијата нанесува загуби на развојот. Таа исто така ја отежнува ефективноста со која домашните заштеди и странската помош се користат во многу земји во развој и со тоа се попречува помошта од надвор. Корупцијата е поврзана со донаторите, невладините организации и граѓаните. (Светска банка, 1997)

Една од посериозните последици од корупцијата се чувствува во правниот систем. Правните системи што се дефективни и неспособни

да ги пронајдат и осудат криминалците и терористите водат кон евентуално пропаѓање на општествата. Организираниот криминал и терористичките групи се пронајдени на мрачната страна на системот на стекнато право и фракционерски борби. Ако поткупувањето во политичкиот систем води до употреба на правниот систем за нивни сопствени цели, криминалистичките и терористичките групи се на пат кон целосно преземање на државата. Навистина, ова е веројатно најдобрата од сите можни средини за напредување на тероризмот и организираниот криминал. Затоа, државите кои имаат правен систем подложен на корупција ќе се соочат со еден од најголемите ризици да бидат предводени од терористи и криминалци. (K.Thachuk, 2002)

Борбата против тероризмот не може да биде добиена само на воеaното боиште и со најсофистицираниот безбедносен систем, најдобрите структури и посветениот безбедносен персонал. Сето тоа е бескорисно ако е само потценето од еден единствен акт на корупција. (R.Noble, 2001)

Глобалната војна со тероризмот има откриено голем број критични слабости и ранливости во меѓународниот систем. Иако долго време се подразбираше дека терористите и организираниот криминал ги користат независните држави како засолништа од кои тие извршуваат операции, сè до неодамна беше нејасно до кој степен овие групи се имаат инволвирано во регионите и дека значаен клуч за расветлување на оваа мистерија лежи во зборот: **корупција**. Терористите и организираните криминалистички групи експлоатираат многу системски слабости на земјите за корупциски цели. Тие имаат измамено и поткупено владини функционери, кои виртуелно ја продаваат независноста на државата за да создадат „**држава од корист**" за самите себе. (K.Thachuk, 2002)

Организираните криминални групи се здобиваат со заштита за широк ранг на криминални активности и со создавање на врски со државната безбедност и разузнавачките агенции, формираат автономни центри на моќ кои се имуни на кривично гонење и се способни да ги контролираат локалните политичари и да манипулираат со медиумите. (M. Dziedzic, L. Rozen, P. Williams, 2002)

Распадот на Југославија и војните кои се појавија доведоа до пораст на организираните криминални активности во Југоисточна Европа. Потребата да се финансираат воените напори од различни групи инволвирани во конфликтот во регионот доведе до појава на т.н „воена економија", која ги создава своите фондови од илегални активности. Мрежите и пазарите кои беа создадени за време на војните продолжија да постојат и по нивно завршување затоа што се покажаа како

многу профитабилни. Понекогаш дури и мировните сили беа вклучени во такви активности (како трговија со луѓе и проституција), а исто така често стануваат конзументи на „производите" на криминалните групи. (Романски центар за истражувачко новинарство, 2003)

„Штом организираната трговија со луѓе наиде на погодно тло и рамки на некоја држава или регион, таа расте брзо и поставува стратешки ризици за стабилноста и иднината на државата. Кога веќе еднаш ќе се востанови, мрежата за недозволената трговија се поврзува со другите постоечки криминални организации коишто ги држат другите сфери на влијание во криминалниот пазар, како што се: тероризмот, дрогата, тргувањето со оружје". (Пакт за стабилност на Југоисточна Европа, 2003).

Етничките, религиозните, социјалните и националните разлики кои се толку длабоко вкоренети кај балканските народи, исчезнуваат кои се работи за пари кои се добиени од овие нелегални активности. На пример, постојат докази за силна поврзаност помеѓу албански и српски банди, кои сметаат дека стабилизацијата на регионот е против нивните интереси. (G.E.Curtis, 2003)

Статистиките кои се издадени од Меѓународната организација за миграција во 2001 година, покажуваат дека проценети се 700,000 до 2 милиони жени и деца, кои годишно се дел од трговијата со луѓе, што создава приход околу 9,5-10 билиони американски долари годишно. (ИОМ, 2001)

Профитите од трговијата со луѓе имаат негативно влијание врз националната безбедност преку поттикнување на перење на пари, измами, даночен криминал, фалсификување на документи, трговија со наркотици, оружје и украдени возила, продажба на човечки органи и други криминални активности. Со поткопување на легалните пазари за работна сила во нестабилните региони и попречување на владите во економската и политичката транзиција или пост-конфликтна реконструкција, трговијата со луѓе придонесува кон одржување на нестабилна и кревка политичка средина. Фактот дека таквите сериозни нарушувања на човековите права на милиони жртви поминува главно неказнето ја индицира главната ерозија на сите напори да се засили заштитата на човековите права како водечки принцип на правдата и законот.

Споменатите закани по безбедноста, заедно со меѓународниот тероризам, оружјето за масовно уништување, нефункционалните држави кои не го загрозуваат само сопственото население туку го дестабилизираат целиот регион, станаа основни извори на загрозување на современата безбедност. (N. Hänggi 2003)

Тие видови комплексни закани, пак, бараат еднакво комплексни решенија.

Мерките на државите во врска со комплексните закани по безбедноста можат да бидат успешни само ако се целосни, а тоа значи дека станува збор за повеќедимензионална, односно повеќеслојна дејност која опфаќа различни дејности како што на пример се економските, разузнавачките, воените, дипломатските, транспортните, правосудните, полициските, криминалистичките и други, чија цел не е само отстранување на последиците од современото загрозување на безбедноста, туку и отстранување на причините за настанување на самото загрозување. (B. Buzan, O. Waever, J. Wilde, 1998)

## Заклучок

Светските водачи се сé повеќе во предизвик да се придружат и да ги практикуваат новите глобални норми. Во Милениумската декларација на ООН од септември 2000, некои основни вредности се претставени како суштински за меѓународните односи во дваесет и првиот век. Тие се слобода, еднаквост, солидарност (вклучувајќи праведност/непристрасност и социјална правда), толеранција, почитување на природата и заедничка одговорност (за водењето на економскиот и социјалниот развој, како и заканите по меѓународниот мир и безбедност). (Милениумска декларација на ООН, 2002)

Глобалните закани ја загрозуваат глобалната безбедност, но исто така, тие индиректно претставуваат сериозна закана и за националната безбедност на современите држави во меѓународната заедница.

Брзите комуникации, можноста на заедничка контрола и постојаната координација покажуваат дека сите овие глобални предизвици можат успешно да се елиминираат со заедничка организирана и водена акција, во која државите водат сметка за пошироките, односно глобални вредности, преминувајќи ги тесните национални рамки.

Против заканите на новиот период, ниедна држава не може сама да се бори, било да станува збор за силна или за слаба држава. Човештвото има потреба за соработка и солидарност повеќе од кога и да е.

(Рецензент: *проф. д-р Митко Котовчевски*)

## БИБЛИОГРАФИЈА


Гризолд, Антон., (2006), *„Словенија во изменета безбедносна средина"*, Скопје: Министерство за одбрана на Република Македонија.

Георгиева, Лидија, (2006), *„Менаџирање на ризици"*, Скопје: Филозофски факултет.

Котовчевски, Митко., (2000), *„Национална безбедност на Република Македонија – трет дел"*, Скопје: Македонска цивилизација.

Котовчевски, Митко., (2000), *„Национална безбедност на Република Македонија – прв дел"*, Скопје: Македонска цивилизација.

*Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија*, (2003), Собрание на Република Македонија.

Baylis, John., (2001), "*International and Global security in the post-cold war era*", New York: Oxford University Press.

Brzezinski, Z., (1997), *„The Grand Chessboard"*, NewYork.

Buzan, Barry, Waever, Ole, de Wilde, Jaap. (1998), *„Security: A Framework for Analysis"*, London: Lynne Rienner Publishers.

Curtis, G, E., (2003), *„Nations Hospitable to Organized Crime and Terrorism"*, Federal Research Division, Library of Congress, http://loc.gov/rr/frd.

Dziedzic M, Rozen L, Williams P., (2002), *"Lawless Rule Versus Rule of Law in the Blakans"*,United States Institute of Peace Special Report, no.97.

Hänggi, Neiner. (2003), *„Making use of security sector governance"*, Münster: LIT Verlag.

International Organization for Migration, (2001), *„Trafficking in Migrants"*, Quarterly Bulletin 23.

Jamieson, A., (1990), *„Global Drug Trafficking"*, Conflict Studies, 234.

Lupsha, A.P., (1989), *„The Role of Drugs and Drug Trafficking in Invisable Wars"*, in D.J. Mabry, ed., The Latin American Narcotics Trade and U.S. National Security, New York: Greenwood.

Mansbach,W.R, Ferguson,Y.H, Lempert, D.E., (1976), *„The Web of World Politics"*, Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall.

Noble. R., (2001), Interpol Press Release.

Romanian Center for Journalism of Investigation, (2003), *„Trade with Poverty, Human Beings Trafficking"*, Report of the Human Beings Trafficking in the Balkans, www.proiect.ns/archives/00032.html.

Sanderson M. Thomas., (2004), „*Transnational Terror and Organized Crime: Blurring the Lines*", SAIS Review vol. XXIV no. 1.

Stability Pact for South Eastern Europe, (2003), *Development of Anti-Trafficking training module for Judges and Prosecutors*, International Center for Migration Police Development.

Thachuk, K., (2002), „*Corruption: The International Security Dimension*", NDU Symposium.

*UN Millennium Declaration,* A/55/L. 2, (2000), New York, www.un.org

Williams, P., (1994), „*Transnational Criminal Organizations and International Security*", Survival, 36, no.1.

World Bank., (1997), „*Reducing Corruption*", World Bank Policy and Research Bulletin, 8(3), http://www.worldbank.org.

*World Drug Report.*, (2000), supra note 12.

Tanja MILOŠEVSKA

# NON-TRADITIONAL GLOBAL SECURITY THREATS


## Abstract

*This paper highlights the principal issues and concerns about non-traditional global security threats upon national security and regional stability. It reflects the widespread, international concern about the impact that organized crime, corruption, narcotic trade, terrorism and human trafficking are having on political and regional stability and economic vitality of the states.*

*Rapidly increasing global interdependence brings with it new threats and vulnerabilities as well as new choices and opportunities.*

*Responses to security threats considered in this sense should involve both state institutions and civil society. The promotion of security in such a globalize world depends on the willingness and ability of governments, citizens, corporations, and civil society organizations to contribute to the creation of a safe, equitable, and just global community.*

*Security is not just a question of external threats to national sovereignty, security also means an effectively functioning society.*

*Ultimately, the requirements of global peace and security are also the requirements of national security.*


***Keywords:*** *GLOBAL THREATS, GLOBAL SECURITY, ORGANIZED CRIME, CORRUPTION, NARCOTIC TRADE, TERRORISM, HUMAN TRAFFICKING.*